ЈУОДГ
**МАЈСКИ ЦВЕТ**
-Карпош, Скопје

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕТНИОТ ПЕРИОД

Почитувани родители,

Градинката работи во текот на целото лето, но ве молиме имајте предвид дека градинката не е замена за семејството. Таа е воспитно-образовна институција, одлично место за раст и развој на децата.

Сепак, има нешта што не може да се научат во градинката, а тоа се:

- Создавање блиски семејни односи
- Зацврстување на врските во семејството
- Престојот во домот, различен од секојдневието, придонесува за поуспешна комуникација меѓу членовите на семејството
- Распределба на должностите во семејството
- Учење на основни животни вештини
- Одмор од секојдневните навики
- Во секој момент треба да се водиме од најдобриот интерес за детето, па затоа е пожелно да има барем краток одмор од престојот во градинката
- Овозможување грижа, нега, љубов и топлина кон детето, поразлична од вообичаеното секојдневие низ годината
- Семејството е местото каде што се раѓа љубовта
- Замена за семејството не постои

***Затоа ви препорачуваме да го искористите летниот период за дружење со најмалите членови на семејството, искористувајќи ги желбата и можностите на поширокото семејство, кое со радост би се вклучило во секојдневниот живот на вашите деца.***

Со почит,
ЈУОДГ „Мајски Цвет“ – Карпош,
Скопје

